РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
ОПШТИНА ПРОБИШТИП
Бр. 04-747/9
29. 07. 2021 год.
ПРОБИШТИП

ОПШТИНА ПРОБИШТИП
ул.Јаким Стојковски бр.1
Тел: 032 48 31 31; факс: 032 48 30 47
www.probistip.gov.mk
е-пошта: info@probistip.gov.mk

Врз основа на член 52, став 1 и став 2 од Законот за административните службеници (Службен Весник на Република Македонија бр.27/14, 199/14, 48/15, 154/15, 05/16, 142/16 и 11/2018 и Службен весник на Република Северна Македонија бр.275/19 и 14/20), Градоначалникот на општина Пробиштип донесе:

# О Д Л У К А
## за избор за унапредување на административен службеник по Интерен оглас бр.03/2021

1. За извршител на работните цели и задачи на работното место Виш соработник за урбанистичко планска документација во одделението за урбанизам во општина Пробиштип се избира:

   **- Александар Благојчовски**

2. Именуваниот административен службеник ќе биде унапреден на работното место од точка 1 од оваа Одлука, по завршување на постапката за избор и конечноста на ова Одлука, врз основа на Решение за унапредување на административен службеник донесено од Градоначалникот на општина Пробиштип.

3. Ова одлука влегува во сила со денот на донесувањето.

**О б р а з л о ж е н и е**

Комисијата за селекција и унапредување на административен службеник за пополнување на работното место **Виш соработник за урбанистичко планска документација** во одделението за урбанизам во општина Пробиштип, формирана со Решение од Градоначалникот на општина Пробиштип бр.04-747/6 од 22.07.2021 година, во функција на спроведување на постапката за селекција за унапредување на административен службеник за извршување на работните цели и задачи од точка 1 на ова Одлука, а по објавениот Интерен оглас за унапредување на административен службеник бр.03/2021 од 14.07.2021 година, Комисијата за унапредување и селекција изготви Записник од административна селекција за Интерен оглас со број 04-747/7 од 28.07.2021 година, Записник од работата на Комисијата за селекција за унапредување на административен службеник заради спроведување на интервју и финална ранг листа на интервјуираните кандидати и предлог одлука за избор на прво рангираниот кандидат со број 04-747/8 од 28.07.2021 година ги достави до Градоначалникот на општината.

Врз основа на горе изнесеното, Градоначалникот на општина Пробиштип одлучи како во дизспозитивот на ова Одлука.

По завршување на постапката за избор, односно конечноста на Одлуката, Градоначалникот ќе донесе Решение за унапредување на именуваниот административен службеник.

**ПРАВНА ПОУКА:**

*Против оваа Одлука незадоволниот кандидат има право да поднесе жалба до Агенцијата за администрација во рок од осум(8) дена од денот на објавувањето на Одлуката на интернет страницата на општината.*

**Изготвил:** *Бобан Стојмировски*

***ОПШТИНА ПРОБИШТИП***
***Градоначалник***
***Драган Анастасов***

Доставено до:
-Архива;
-Одделение за управување со човечки ресурси;
- Административен службеник;